Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневните настани 24.11.2023

На 23.11.2023 на подрачје на Карпош, полициски службеници од ЕВР Карпош и полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Г.Ш.(19), Р.М.(18), Н.Т.(18) и тројца малолетници, сите од Скопје. Тие се сомничат дека околу 19.30 часот во градски парк на подрачје на Карпош со закана од А.Т.(20) од с.Ржаничино, скопско, одзеле пари и личен предмет. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а лицата биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (24.11.2023) во 01.40 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода О.Ф.(27) и С.А.(23), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.11.2023 во 21.40 часот на подрачје на Сарај, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ј.И.(45) од с.Глумово, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.11.2023 во 20.50 часот во с.Брњарци, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(25) од с.Арачиново, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.11.2023 околу 14.35 часот во тетовска Брвеница, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 50-годишниот Д.Ќ., затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 23.11.2023 околу 22.50 часот во гостиварска Долна Бањица, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 29-годишниот гостиварец Ѓ.Ч.. При негов и преглед на возилото „ауди" со словачки национални ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. Задржан е во Полициската станица Гостивар за расчистување и документирање на случајот по што ќе следува поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (23.11.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 177 возачи. Од нив седум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 87 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 90 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (23.11.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 151 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 18 санкции, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за непрописно престројување на возила. Изречени се осум мерки за возење под дејство на алкохол, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки за недавање првенство на минување на пешаци...

На 23.11.2023 во СВР Струмица било пријавено дека во 16.20 часот на магистрален пат Струмица – Ново Село, во с.Дабиле, струмичко, патничко возило „опел астра" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.Д. (35) од с.Моноспитово, струмичко, удрило во малолетен пешак од с.Дабиле. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општа болница Струмица. Увид на местото на несреќата бил извршен од екипа од СВР Струмица.

На 23.11.2023 во 07.40 часот во ОВР Ресен било пријавено дека на магистралниот пат Ресен – Охрид, кај с.Лева Река, ресенско, патничко возило марка „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.М.(32) од с.Велмеј, охридско, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила С.М., констатирани во специјална Болница „Св.Еразмо" во Охрид. Увид извршила увидна екипа на ОВР Ресен.

На 23.11.2023 во 15.50 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода М.Л.(31) од Сојузна Република Германија, затоа што при извршени проверки било констатирано дека во службена евиденција е со мерка „апси" по барање на Интерпол. Лицето било задржано во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 23.11.2023 во 17.35 часот во Полициската станица Аеродром, А.И.(44) од Скопје пријавила дека на бул.„Видое Смилевски Бато" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 23.11.2023 во 12.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.В.(68) од Скопје пријавил дека на ул.„Никола Киров Мајски" бил каснат од куче скитник.

На 23.11.2023 во 17.40 часот во ОВР Ресен, В.В.(61) од с Јанковец, ресенско, пријавил дека на ул.„29 Ноември" во Ресен бил каснат од куче скитник.

На 23.11.2023 во 19.35 часот, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода Ф.Ј.(36) од Кочани. Тој бил баран по централна потерница за доиздржување казна затвор за сторени кривични дела „тешка кражба" и „кражба". Лицето е спроведено во Затвор Струмица за доиздржување на казната.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против П.К.(50) од струшкото село Велешта, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед извршен во казино во Струга, полициските службеници кај него пронашле и одзеле кокаин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против А.М.(65) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба". Пријавениот, во својство на управител во правно лице, со намера да се стекне со противправна имотна корист, постапил спротивно на Закон за превоз на патен сообраќај. Односно, при продажба на линијата за превоз, наместо да ги врати лиценците и изводите од лиценци добиени за вработените возачи во моментот кога ги одјавил, тој ги искористил за продавање на линијата за поголема вредност.

На 23.11.2023 во 21.30 часот во Полициското одделение Петровец, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со повреди бил донесен С.У.(53) од Скопје. Според пријавеното, тој се здобил со повредите околу 20.30 часот, при извршување работни задачи во фабрика во индустриска зона „Бунарџик". Увид бил извршен.

СВР Тетово, на 24.11.2023 спроведе акциска контрола во која биле откриени и санкционирани 4 (ГВ) технички неисправни возила, од кои 2 имале неисправни уреди за управување и 2 неисправни сопирачки. Покрај ова, биле санкционирани и 10(ТЕ) возачи кои ја пречекориле максимално дозволената брзина, 5 (ТЕ) кои користеле мобилен телефон додека возеле, 1 кој вградил неатестирани фолии во возилото, 2 кои управувале возила без положен возачки испит и валидна дозвола и 5 возачи кои непрописно, односно погрешно ги паркирале возила и на кои им биле подигнати од „пајак-службата". На сите возачи-прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со предвидените парични глоби и други мерки предвидени во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Законот за возила.

На 23.11.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 12 прекршоци, од кои 10 надвор од населено место и 2 во населено место. Санкционирани биле и 35 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 1 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 31 за непрописно паркирање.

На 23.11.2023, полициски службеници од ОВР Кочани го лишиле од слобода М.Р.(53) од кочанско. Имено, околу 09.30 во ОВР Кочани било пријавено дека во својот дом во село Бели, кочанско, во кој живеела со синот М.Р.(53), била пронајдена починатата В.Р.(74). Подоцна, при преглед на телото на починатата, лекар од Итна медицинска помош забележал траги на насилство. Во координација со јавен обвинител телото било дадено на обдукција, а по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ж.С.(37) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела „измама". Пријавениот, на 18.09.2023 се договорил со две лица од кумановско село да им набави грозје и друга стока за сума од 127.000 денари на едното, односно 22.000 денари на другото лице, но досега не им го донел договореното, ниту им ги вратил парите.

На 23.11.2023 во 18.40 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Г.Р.(54) од кумановско село, затоа што во семејниот дом физички ја нападнал неговата 19-годишна ќерка. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.11.2023 во 22.25 часот во Полициското одделение Петровец, Ф.М.(27) од Скопје пријавил дека пред влез на угостителски објект во с.Марино, општина Илинден, бил физички нападнат од Н.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.11.2023 во 16.50 часот во СВР Струмица било пријавено дека на ул.„Васил Сурчев" во Струмица настанал пожар во стан сопственост на М.Е.(46) од Струмица. Од пожарот, М.Е. вдишал чад и бил пренесен во Општа болница Струмица за укажување лекарска помош. Екипа на Територијалната противпожарна единица Струмица го изгаснала пожарот, а увид на местото извршила екипа од СВР Струмица.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Б.Н.(75) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". На 03.11.2023, по преземени активности од ЈП „Национални шуми – Преспа дрво Ресен", во с.Шурленци, кај пријавениот биле пронајдени 10 кубни метри нежигосани огревни дрва, за кои не поседувал испратница.

На 23.11.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 22.30 часот на стариот пат Тетово – Скопје, во атар на с.Глумово, скопско, две лица со закана од А.С.(40) од Скопје, вработен како доставувач на фирма од Скопје, одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ш.И.(59) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 14.09.2023 во Штип, пријавениот физички го нападнал Б.Ш.(52) од Штип и му нанел тешка телесна повреда.

На 23.11.2023 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во својот дом во Скопје, при чистење на службениот пиштол, Г.А.(46) од Скопје, полициски службеник, испукал еден куршум и се здобил со повреда на ногата. Тој бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Д.Б.(37) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 16.11.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет